Здружение на граѓани за социјален и економски развој

ИН ВИВО

Број ____- ____

10.2.2019 година, С к о п ј е

З А П И С Н И К

Од четвртата работна средба на членството на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО

Четвртата работна средба на членството на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО (во натамошниот текст: Здружението), се одржа на ден 10.2.2019 година (сабота) во хотел ПОРТА, со почеток во 12:00 часот.

Извршниот директор го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД

1.Представување на активностите на Здружението во периодот декември 2018 / јануари 2019;

2.Преглед на статусот со активности превземени во однос на инфраструктурните објекти за Здружението;

3.Представување на иницијативата за едукативни активности наменети за бездомни лица;

4.TO DO листа; и

5.Разно;

Пред отпочнување на расправата по предложените точки на дневен ред Извршниот директор запраша дали некој од членовите има забелешки по истиот.

Бидејќи немаше забелешки, Извршниот директор продолжи со работа по точките од предложениот дневен ред.

1.Прва точка од дневниот ред - Представување на активностите на Здружението во периодот декември 2018/јануари 2019;

По првата точка се информираа членовите за реализираните обуки на членовите на Здружението во изминатиот период, и тоа

- Обука за добро управување на граѓански организации, 18.12.2018 година во организација на Граѓански ресурсен центар – присуствувал Дејан;
- Обука за институционален развој и организациско јакнење, 17 и 18.1.2019 година – присуствувал Горан;
- Обука за мобилизирање на ресурси 7 и 8.2.2019 година во организација на Граѓански ресурсен центар – пријавата за учество на Афродита е одбиена од РЦГО поради голем интерес од ГО и рамномерно распоредување на ресурсите помеѓу заинтересираните Здруженија;

Исто така од страна на Дејан и Афродита посетен е НВО Саемот ‘’Заедно до подобро општество’” кој се одржал на 5.12.2018 година во НУБ ”Св.Климент Охридски”’ во организација на Волонтерски центар Скопје.

Во наредниот период се планира да се посетат следните обуки:

- Обука за траспарентност и отчетност на граѓанските организации, 13 и 14.2.2019 година - ќе присуствува Дејан;
- Обука за тематско вмрежување, партнерства, коалиции, 27 и 28.2.2019 година - ќе присуствува Афродита;

2.Втора точка од дневниот ред - Анализа на активностите на Здружението во периодот;

По втората точка Горан ги информираше присутните дека се поднесено барања до МВР за превземање и користење на нивен објект.

Предложено е во зависност од можностите на членовите на 16.2.2019 да се посети и види селектираниот објект.

3.Трета точка од дневниот ред - Представување на иницијативата за едукативни активности наменети за безомни лица;

Како активност на Здружението која би следела е организирање на едукација на бездомни лица со која би биле опфатени цца 12 бездомни лица. Координатор на активностите околу спроведувањето на обуката е Афродита Трајковска која треба да ги подготви сите детали поврзани со проектот.

4.Четврта точка од дневниот ред - ТО DO листа;

Од страна на Извршниот директор беа елаборирани идните активности на Здружението, за чие остварување ја претстави листа на обврски (TO DO листа) кои членовите во наредниот период треба да ги исполнат

10.2.2019 во Скопје

Записникот го составил:

_____

Извршен директор на

Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО